# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За периодот јануари – јуни 2026 година

АЛКАЛОИД АД Скопје во периодот јануари – јуни 2026 година оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран биланс на успех.

### Сметководствени политики и методи на вреднување

Почнувајќи од 2025 година направени се промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје во согласност со Правилникот за начинот на водење сметководство, издаден во Службен весник на РМ бр. 75/24 на 3 април 2024 година.

### Вкупни приходи

Вкупните остварени единечни приходи во периодот јануари – јуни 2026 година изнесуваат 7.427.158 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2025 година бележат раст од 3 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 93 %, имаат приходите остварени од продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2025 година бележат раст од 2 %.

Вкупните остварени консолидирани приходи во периодот јануари – јуни 2026 година изнесуваат 10.831.557 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2025 година бележат раст од 3 %. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 95 %, имаат приходите остварени од продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2025 година бележат раст од 2 %.

### Вкупни расходи

Вкупните остварени единечни расходи во периодот јануари – јуни 2026 година изнесуваат 6.271.208 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2025 година бележат раст од 2 %.

Вкупните остварени консолидирани расходи во периодот јануари – јуни 2026 година изнесуваат 9.814.429 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2025 година бележат раст од 3 %.

### Податоци за акциите

Акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година и важат за едни од најтргуваните и најликвидните акции на Берзата. Цената на акцијата во периодот јануари – јуни 2026 година се движеше од 24.010,00 до 27.300,00 денари или просечно 25.101,49 денари за една акција. На 30.06.2026 година акциите на АЛКАЛОИД АД Скопје беа во сопственост на 6.591 акционери, физички и правни лица, а пазарната капитализација на компанијата изнесуваше 34,64 милијарди денари.

На 30 март 2026 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2025 година во износ од 1.030.574 илјади денари. Во согласност со дивидендниот календар, во мај 2026 година започна исплатата на дивидендата во износ од 720 денари бруто, односно 648 денари нето за една акција. Дивидендата од акција за 2025 година е поголема за 14,3 % во однос на исплатената дивиденда од акција за 2024 година.

### Инвестиции

Вкупните консолидирани инвестиции во основни средства во периодот јануари – јуни 2026 година изнесуваат 837.711 илјади денари, што претставува раст од 69 % во однос на истиот период од претходната година. Дел од вкупните инвестиции се однесуваат на вложувања реализирани преку поврзаното друштво АЛКАЛОИД ЕНЕРГЕТИКА ДООЕЛ, насочени кон изградба и развој на фотоволтаични капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори, кое започнува со пробна работа во јули 2026 година.

## Обврски врз основа на кредити

Вкупните консолидирани обврски врз основа на кредити на 30.06.2026 година изнесуваат 3.690.261 илјади денари.

## Вработени

Во периодот јануари – јуни 2026 година во АЛКАЛОИД АД Скопје се реализирани 43 нови вработувања во РС Македонија. Просечната нето плата по вработен во компанијата во јуни 2026 година изнесуваше 67.646 денари. Со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, во 2026 година е одобрен и исплатен регрес во висина од 47.000 денари нето-износ за користење годишен одмор за вработените во компанијата. Групацијата АЛКАЛОИД брои 3.030 вработени, од кои 2.221 се во земјава, а 809 се вработени во капитално поврзаните друштва во странство.

## Поважни позиции од билансот на успех

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот јануари – јуни 2026 година, како и структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следниве табели:

### Единечни продажби на готови производи и услуги

(Во 000 Ден)

| Пазар | 2026 Износ | 2026 % | 2025 Износ | 2025 % | Инд 26/25 |
|---|---|---|---|---|---|
| Домашен пазар | 1.912.570 | 28 | 1.877.325 | 28 | 102 |
| Странски пазар | 4.957.796 | 72 | 4.876.698 | 72 | 102 |
| **Вкупно:** | **6.870.366** | **100** | **6.754.023** | **100** | **102** |

### Консолидирани продажби на готови производи и услуги

(Во 000 Ден)

| Пазар | 2026 Износ | 2026 % | 2025 Износ | 2025 % | Инд 26/25 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Домашен пазар** | **3.840.737** | **37** | **3.436.808** | **34** | **112** |
| Југоисточна Европа | 2.957.757 | 29 | 2.793.487 | 28 | 106 |
| Источна Европа (ЗНД, УКР, ...) | 1.822.206 | 18 | 1.882.089 | 19 | 97 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 1.672.040 | 16 | 1.932.784 | 19 | 87 |
| Други земји | 44.364 | 0 | 68.062 | 1 | 65 |
| **Вкупно странски пазари** | **6.496.367** | **63** | **6.676.422** | **66** | **97** |
| **Вкупно:** | **10.337.104** | **100** | **10.113.230** | **100** | **102** |

## Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)

Вкупните консолидирани приходи од продажби во периодот јануари-јуни 2026 година бележат раст од 2 % во споредба со истиот период од минатата година.

Како докажан партнер на јавното здравство, компанијата активно учествува во обезбедувањето на најсовремени ретки и специфични терапии преку застапување на производите на светски реномирани фармацевтски производители, обезбедувајќи значајна поддршка за здравствениот систем во земјава. Иако профитабилноста на овие програми е ограничена, тие значително го зголемуваат учеството на домашниот пазар во вкупните консолидирани продажби, каде што се остварени 37 %. Во споредба со истиот период од минатата година, продажбите во земјава бележат раст од 12 %.

Странските пазари заземаат 63 % од вкупните консолидирани продажби. Најголем пораст кај извозните пазари бележат продажбите остварени во земјите од Југоисточна Европа (раст од 6 %).

(Во 000 Ден)

| Групи на производи | 2026 Износ | 2026 % | 2025 Износ | 2025 % | Инд 26/25 |
|---|---|---|---|---|---|
| Антибиотици | 1.919.738 | 19 | 2.318.021 | 23 | 83 |
| ОТЦ препарати | 1.918.729 | 19 | 1.609.371 | 16 | 119 |
| Кардиолошки препарати | 1.266.471 | 12 | 1.233.771 | 12 | 103 |
| Невролошки препарати | 1.410.959 | 14 | 1.292.558 | 13 | 109 |
| Други линии | 960.320 | 9 | 1.122.947 | 11 | 86 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **7.476.217** | **72** | **7.576.668** | **75** | **99** |
| Трговска стока | 1.988.822 | 19 | 1.629.230 | 16 | 122 |
| Услуги и останати приходи | 53.535 | 1 | 45.504 | 0 | 118 |
| **Вкупно Фармација** | **9.518.574** | **92** | **9.251.402** | **91** | **103** |
| **Вкупно Хемија** | **176.677** | **2** | **194.610** | **2** | **91** |
| **Вкупно Козметика** | **541.519** | **5** | **565.230** | **6** | **96** |
| **Вкупно Билкарство** | **100.334** | **1** | **101.988** | **1** | **98** |
| **Вкупно:** | **10.337.104** | **100** | **10.113.230** | **100** | **102** |

Гледано според групи производи, во структурата на вкупните консолидирани продажби најголемо учество имаат производите од сегментот фармација, со 92 %. Во споредба со минатата година продажбите во овој сегмент се зголемени за 3 %. Најголем раст има кај ОТЦ препаратите, кои се зголемени за 19 %, потоа следат невролошките препарати со зголемување од 9 %, кардиолошките препарати бележат зголемување од 3 %, додека антибиотиците се намалени во споредба со првото полугодие од минатата година, што се должи на намалената инциденца на бактериски инфекции.

## Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)

Сегментот хемија, козметика и билкарство учествува со 8 % во вкупните консолидирани продажби, поточно хемија учествува со 2 %, козметика со 5 %, а билкарство учествува со 1 %. Овој сегмент во првото полугодие бележи пониска реализација во споредба со истиот период минатата година. Во сегментот хемија, поради значителните осцилации на цената на среброто, дел од нарачките од нашите купувачи беа одложени. Сепак, во последните месеци се забележува зголемена динамика на нарачки и очекуваме во текот на второто полугодие обемот на нарачки да се стабилизира. Во сегментите козметика и билкарство, намалената реализација во голема мера се должи на регулираните и ограничени цени и маржи на речиси целото портфолио во Србија и Црна Гора во текот на првата половина од годината. Со оглед на тоа што овие мерки во меѓувреме беа укинати, очекуваме раст на продажбите во овие сегменти во текот на второто полугодие.

## Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)

(Во 000 Ден)

| | 2026 | | 2025 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 26/25 |
| Единечна ЕБИТДА | 1.786.231 | 26 | 1.614.311 | 24 | 111 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 1.830.326 | 18 | 1.699.524 | 17 | 108 |

## Нето добивка

(Во 000 Ден)

| | 2026 | | 2025 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 26/25 |
| Единечна Нето добивка | 1.060.421 | 15 | 941.846 | 14 | 113 |
| Консолидирана Нето добивка | 890.512 | 9 | 855.738 | 8 | 104 |

Остварената единечна нето-добивка во 2026 година изнесува 1.060.421 илјади денари и во споредба со остварената во 2025 година бележи зголемување за 13 %.

Остварената консолидирана нето-добивка во 2026 година изнесува 890.512 илјади денари и во споредба со остварената во 2025 година бележи зголемување од 4 %. Забавениот раст на консолидираниот профит во најголема мера се должи на структурата на реализираните продажби во првото полугодие и на зголемените трошоци поврзани со формирањето и јакнењето на продажните тимови на дел од извозните пазари, при што очекуваме овие вложувања да придонесат за подобри продажни резултати и повисока профитабилност во наредниот период.

## Бизнис-план за 2026 година

Бизнис-планот за 2026 година, донесен со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје на седницата одржана на 29.12.2025 година, предвидува инвестирање на околу 8 % од консолидираните приходи од продажби во материјални и во нематеријални средства, раст од 7 % на консолидираните продажби во однос на реализираните во 2025 година, како и раст од 7 % на консолидираниот профит во однос на 2025 година.

Остварените резултати во првото полугодие од 2026 година се во согласност со планираната динамика на реализација на бизнис-планот. Во наредниот период се очекува кумулативните пласмани на домашниот и на странските пазари да ги надминат минатогодишните остварувања.

Бизнис-планот за 2026 година е базиран на очекувањата, проекциите и на можностите на тековните и на новите пазари и производи достапни за компанијата во моментот на изготвување на планот. Околностите и настаните во 2026 година, а со тоа и остварените резултати може да варираат во однос на прикажаните во Бизнис-планот.

## Очекувања за претстојниот период

Трендот на работење во отежнати економски услови, кои беа актуелни во изминатите неколку години, продолжува и во 2026 година. Доминантни предизвици беа инфлацијата и порастот на каматните стапки, како и притисокот врз куповната моќ на потрошувачите, што влијае врз потрошувачката и динамиката на побарувачката на одделни пазари, а неизвесноста и натаму останува изразена. Друштвото е изложено на каматен ризик главно по основ на краткорочните и долгорочните кредити, при што истиот континуирано се следи и се управува преку директни преговори со банките, без значајни осцилации кај каматните стапки.

Воедно, глобалните безбедносни кризи, вклучително и ескалацијата на конфликтот поврзан со Иран, дополнително го отежнуваат економскиот амбиент и предвидливоста. Овие случувања имаат значително влијание врз глобалните енергетски пазари, предизвикувајќи пораст и зголемена волатилност на цените на енергенсите, што создава дополнителни инфлаторни притисоци и тешкотии во синџирите на испорака, како и ризици во однос на достапноста на одредени суровини и материјали. Дополнително, потенцијалниот ризик од продлабочување на глобалните трговски тензии може да предизвика нови покачувања на цените на суровините и да доведе до зголемени трошоци во работењето. Внимателно го следиме развојот на настаните и преземаме соодветни мерки за ублажување на овие потенцијални ефекти.

Очекуваме во 2026 година да продолжиме по патеката на континуираниот раст базиран на можностите од нашите тековни инвестиции во нови производствени капацитети и опрема и од вложувањата во развојно-истражувачки проекти, на тој начин создавајќи конкурентно портфолио и можности за ширење на пазарите. За остварување на овие цели ќе продолжиме и со нови вработувања во земјава, но и на странските пазари, притоа континуирано вложувајќи во подигнувањето и во усовршувањето на нивото на знаења и на вештини на нашите вработени и во градењето таленти.